[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup

| Примено: E Pranuar: | 16-02-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица Njësia organizative | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| [redacted] | | | |

**До:**

Министерство за финансии
(имател на информацијата)

Архивски знак/Shenja e arkivit: ______
Рок на чување/Afati i ruajtjes: ______
______ 20___ год./Viti
Потпис/Nënshkrim
______

**Б А Р А Њ Е**

**за пристап до информации од јавен карактер**

*врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/19“)*

Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство подготвува извештај во сенка за членовите 7 и 8 од Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените – CEDAW во рамки на проектот „Подготовка на извештај во сенка за имплементација на CEDAW во Република Северна Македонија” кој е поддржан од Национален институт за демократија (NDI). За таа цел започнавме процес на собирање податоци согласно утврдената Методологија за подготовка на Извештајот. Ви го доставуваме ова барање за слободен пристап до информации од јавен карактер кои вие како иматели на овие информации и податоци располагате и бараме согласно законскиот утврден рок од 20 дена да ни одговорите на следните прашања, ,а **кои се однесуваат на периодот од 2017 до 2022 година:**

- **Колкав е вкупниот број на жени и мажи вработени во вашата институција на следните позиции: заменици министри, државни секретари, советници, шефови на кабинети, раководители на сектори, раководители на одделенија и претседатели на комисии. Ве молиме бараните податоци да ни ги доставите разделено по пол/род, етничка припадност, назив на позиција за секоја година посебно од 2017 заклучно со 2022 година?**

Форма во која се бара информацијата:

а) увид

б) препис

в) фотокопија

**г) електронски запис**

д) друго---------------------------------------------------------------------

Начин на доставување на информацијата:

а) по пошта

б) телефон

в) факс

**г) е-маил**

д) друго---------------------------------------------------------------------------

Барател на информацијата: Национална Мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, [redacted] Скопје, Република Македонија, тел. [redacted]

Застапник/полномошник на барателот на информацијата: [redacted] – Извршна директорка

Ве замолуваме бараните податоци доставете ни ги по електронски пат на следнава e-mail адреса [redacted]

Скопје, 09.02.2023година

Ви благодариме за соработката,

Со почит [redacted]

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
Republic of North Macedonia
Ministry of Finance

– Сектор за правни работи –

Архивски број: [redacted]
Датум: 07-03-2023

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации - Министерство за финансии го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

## за одобрување на барање за пристап до информации од јавен карактер

1. СЕ ОДОБРУВА барањето број [redacted] година, поднесено од страна на барателот Н[redacted] Скопје за пристап до информација од јавен карактер.
2. Податоците кои ќе му бидат доставени на барателот се во прилог на ова Решение и се составен дел од истото.

## Образложение

На ден 16.02.2023 година барателот Н[redacted] Скопје до Министерството за финансии поднесе барање за пристап до информација од јавен карактер, со кое се побара пристап до информацијата „Колкав е вкупниот број на жени и мажи вработени во вашата институција на следните позиции : заменици министри, државни секретари, советници, шефови на кабинети, раководители на сектори, раководители на одделенија и претседатели на комисии разделени по пол/род, етничка припадност, назив на позиција за секоја година посебно од 2017 заклучно со 2022 година.".

Министерството за финансии како имател на информации го разгледа барањето, при што утврди дека бараната информација не спаѓа под исклучоците од правото за слободен пристап до информации од јавен карактер предвидени во член 6 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Податоците кои ќе му бидат доставени на барателот се во прилог на ова Решение и се составен дел од истото.

Имајќи го во вид наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.


Министерство за финансии Република Северна Македонија
Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev" nr.12, Shkup
+389 2 3255-623
www.finance.gov.mk

– Сектор за правни работи –

07 -03- 2023

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ
Раководител на сектор
Татјана Васева

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

Доставено до:
[redacted]

[redacted]


Министерство за финансии Република Северна Македонија
Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev" nr.12, Shkup
+389 2 3255-623
www.finance.gov.mk